**ИНФОРМАЦИЈА**

**Проект Интерконективен Гасовод Северна Македонија–Грција**

Оваа гасоводна делница претставува дел од Националниот гасификационен систем во Република Северна Македонија. Проектот Интерконективен гасов од Северна Македонија – Грција претставува проект со кој ќе се обезбеди сигурност во напојувањето со гас, како на Република Северна Македонија така и на регионот. Со оваа делница се обезбедува спојна постојната магистрална мрежа во РСМ со гасоводната мрежа во Грција.
Појдовна точка на трасата во Северна Македонија е границата со Грција во близина на селото Идомени и градот Гевгелија каде завршува грчкиот дел од гасоводот. Завршна точка е веќе изградената блокстаница (блокстаница БС 7) на новиот гасовод Штип - Неготино, во близина на градот Неготино. Должината на трасата на гасоводот е 68 км и со пречник Ф700.
Инвеститор на Проектот е **НЕР АДСкопје** - Национални Енергетски Ресурси, акционерско друштво за вршење на енергетски дејности, Скопје, во државна сопственост.

**Важност напроектот:**

- **Поддршка на гасификацијата на земјата со обезбедување на интерконекциска точка што може да снабдува големи количини на гас за да се задоволи очекуваниот раст на побарувачката,**
- **Обезбедува сигурност во снабдувањето со нудење диверзификација на извори на снабдување,**
- **Обезбедува интеграција на пазарот со цел да им се овозможи на потрошувачите во Северна Македонија да имаат цени на гасот слични на оние на соседнитеземји,**
- **Одржлив извор на енергија за земјата која има слаб индекс на интензитет на емисија.**

Согласно законската регулатива на РСМ е изработена соодветна техничка документација и постапка за Оцена на Влијание врз Животна Средина (ОВЖС) со цел да се утврди усогласеност со стандардите за животна средина и социјални аспекти, односно осигура дека проектот ги вклучува сите потребни мерки за заштита на животната средина и социјалните аспекти како основен услов за добивање согласност за негова реализација. Покрај применетите национални законски барања исто така се применети Политиките за животна средина и социјални аспекти на Европска Банка за Обнова и Развој (ЕБОР) и Европска Инвестициска Банка.

Изработен е **Елаборатзатрајна и временаексопропријација со кое е утврдена потребата за пристап кон земјиште во општините Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино**, односно соодветните катастраски оштини **КО Неготино, КО Тимјаник, КО Дуброво, КО Тремник, КО Прждево, КО Чифлик, КО Дрен, КО Демир Капија, КО Петрово, КО Миравци вон град, КО Габрово, КО Смоквица, КО Прдејци, КО Негорци, КО Стојаково, КО Ѓавато, КО Богданци вон град** и **КО Богородица**.

Изработен е исто така План за вклучување на засегнати чинители и заедницата и консултации со јавноста за време на оцената на животна средина и социјални аспкети и развој на техничката документација согласно националната законска регулатива и барањата на ЕБОР.

Генерална поставеност на проектот е представена на следната слика:




Во рамки на процесот на вклучување на засегнати страни жителите имаат можност за доставување на прашања или загрижености преку соодветна комуникација и формулар кој ќе биде објавенна веб-страницата на одговорната институција за проектот Национални Енергетски Ресурси (НЕР АД Скопје) или во општините во Проектната област.

Прашањата ќе можат да се поднесат во писмена форма ипополнување на формулар ќе биде достапен во општинската администрација на општините низ коипоминува гасоводот. Освен со писмен формулар, прашањата ќе можат да се поднесат и со контактирање со Одговорните инженери за проектот телефонски или лично.

Контактите со Национални Енергетски Ресурси (НЕР АД Скопје) се следните:

1. **Иво Шурбановски** ivo.shurbanovski@mer.com.mk моб.: +389 75 269 754
2. **Александар Апостолоски** aleksandar.apostoloski@mer.com.mk моб.: +389 75 269 763